ДО:________________________________________

________________________________________

________________________________________

Почитувани,

Ви го испраќаме ова известување со цел да Ве запознаеме со распоредот и работата на амбулантите на **ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје**, а со цел да нема забуни и погрешно закажување на пациентите во несоодветна амбуланта и кај несоодветен лекар преку системот **Мој Термин.**

На **ЈЗУ ГАК** работат 9 амбуланти од кои што една е дежурна, приемна амбуланта за итни случаи. Во таа амбуланта не се вршат закажувања. Останатите осум амбуланти се поделени на две акушерски, две гинеколошки амбуланти, и четири субспецијалистички амбуланти.

**Акушерските** амбуланти 1 и 2 со ознака број **36 и 37**.
**Гинеколошките** амбуланти 1 и 2 со ознака број **34 и 11**.

Субспецијалистичките амбуланти се следните:
**Уролошка** амбуланта со ознака број **33**,
**Онколошка** амбуланта со ознака број **35**,
Амбуланта за **Ендокринологија и брачна неплодност** со ознака број **29,**
Амбуланта за **Перинаталошки скрининг и супервизија** со ознака број **28**.

## СПЕЦИФИКАЦИЈА НА АКУШЕРСКИ АМБУЛАНТИ
## (амбуланти кој што работат само со бремени жени)

**Во акушерската амбуланта број 37** се вршат прегледи за трудници во првиот триместар од бременоста (11 – 13 недела или ПРИСКА 1), втор триместар од бременоста (16 – 18 недела или ПРСКА 2), и трет триместар од 20 – 24 недела од бременоста. Во истата амбуланта се вршат и други испитувања за интервенции, како амниоцентези, индукции со медицинска индикација, и прегледи за трудници за боледувања кој што траат до 21 ден. Сите овие прегледи се извршуваат секој вторник од 08:30 до 11:30 и во тој временски интервал амбулантата работи само со тие пациенти кој што се дојдени тој ден на интервенција или преглед за боледување, и тој период во тој временски интервал не се закажуват прегледи

**Во акушерската амбуланта број 36** се вршат прегледи за трудници од 28 недела од бременоста па се до крајот на бременоста. Амбулантите 36 и 37 работат во две смени од 08:30 до 19:00 часот.

## СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ГИНЕКОЛОШКИ АМБУЛАНТИ

**Амбуланта број 11** е општа гинеколошка амбуланта во која се врашт ехо прегледи, колпоскопија, брисеви, ХПВ типизација и др.

**Амбуланта број 34** е општа гинеколошка амбуланта во која се вршат ехо прегледи, контроли после биопсија и киретажа, и прегледи за тумори, цисти, миоми. Амбулантата 34 работи во две смени од 08:30 до 19:00 часот

## СПЕЦИФИКАЦИЈА НА СУБСПЕЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ АМБУЛАНТИ

**Субспецијалистичката амбуланта број 29 е амбуланта за Ендокринологија и брачна неплодност или стерилитет**. Во оваа амбуланта се вршат консултации за понатамошно испитувања и третирања на пациентите.

**Субспецијалистичката амбуланта број 29 е амбуланта за Урогинекологија**, односно уролошки проблеми како пролапси, проблеми со бешика, прстен песар, неконтролирано мокрење или инконтиненција, цистоцела, еритроцела, систула вагиналис, перинеопластика.

**Субспецијалистичката амбуланта број 35 е Онколошка амбуаланта** во која се врашат прегледи за карциноми и пост-оперативни прегледи.

**Субспецијалистичката амбуланта број 28 а амбуланта за Фетален скрининг и супервизија.** Тука се вршат прегледи за трудници од 20 – 24 гестациска недела, се извршуваат скрининзи и супервизии за малформации како ехо-кардиографија, малформации за бубрези, спинавифина, тумори на глава, цисти, плодова вода. Во истата амбуланта секоја Среда од 13:00 до 14:00 часот се состанува комисија за боледување над 60 денови и тој период во тој временски интервал не се закажуват пациенти.

Акушерските амбуланти 36 и 37, како и Гинеколошката амбуланта 34 работат во две смени. Од 08:30 до 19:00 часот. Распоредот за вторите смени се изготвува најкасно до 15-ти во тековниот месец за следниот месец. Термините за прием во вторите смени ќе бидат одобрени најкасно до 15-ти во месецот. Поради годишните одмори на лекарите во летниот период, во месеците Јули и Август амбулантите работат со изменет распоред. Во тој период втора смена работи само Акушерската амбуланта бр. 37 Во Ургентната амбуланта не се закажуваат прегледи, работи само со итни случаи и отворена е нон-стоп 24 часа. Во случај на отсуство на лекарот во амбулантите соодветното одделение одговара за отсуството и наоѓа замена за истиот.

Во прилог Ви го испраќаме и годишниот распоред на лекарите специјалисти во амбулантите на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје.

Ве молиме да се придржувате до упатството и пациентите да ги закажувате кај лекарите кој што се спацијализирани за конкретната дијагноза или проблематика и кој што се на распоред во соодветна амбуланта.

Со почит,
**Управа на ЈЗУУГАК - Скопје**

# РАСПОРЕД НА ЛЕКАРИ ВО АМБУЛАНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО - СКОПЈЕ

| Амбуланта | Работно време | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гинеколошка 1 Амбуланта бр.34 | 08:30 11:00 | Проф.Д-р Антовска | Д-р Тофоски | Проф.Д-р Сапунов | Д-р Георгиева | Прим.Д-р Георгиевска |
| | 11:00 14:00 | | Асс.Д-р Ристеска | Асс.Д-р Трајковски | Д-р Иванова | Асс.Д-р Сима |
| Гинеколошка 2 Амбуланта бр.11 | 08:30 11:00 | Асс.Д-р Алуловски | Прим.Д-р Тантуровски | Асс.Д-р Јовановска | Асс-Д-р Кипроска | Асс.Д-р Гуржанова |
| | 11:00 14:00 | Д-р Војника | Д-р Војника | Асс.Д-р Стојчевски | Асс.Д-р Дабески | Асс.Д-р Крстевска |
| Акушерска 1 Амбуланта бр.36 | 08:30 11:00 | Асс.Д-р Алексиоска | Асс.Д-р Симеонова | Асс.Д-р Бина | Асс.Д-р Тофилоска | Асс.Д-р Тантуровски |
| | 11:00 14:00 | | | | | Асс.Д-р Николова |
| Акушерска 2 Амбуланта бр.37 | 08:30 11:00 | Асс.Д-р Тодоровска | Асс.Д-р Ливринова | Асс.Д-р Џикова | Асс.Д-р Стефанија | Асс.Д-р Николовска |
| | 11:00 14:00 | Асс.Д-р Бушиновска | Асс.Д-р Кочоски | Асс.Д-р Блажева | Асс.Д-р Данева М. | Асс.Д-р Лазарова |
| Уролошка Амбуланта бр.33 | 08:30 11:00 | Д-р Војника | Асс.Д-р Стојчевски | Асс. Д-р Дабески | Асс.Д-р Гуржанова | Проф.Д-р Антовска |
| | 11:00 14:00 | | | | Асс.Д-р Крстевска | |
| Онколошка Амбуланта бр.35 | 08:30 11:00 | Прим.Д-р Тантуровски | Асс.Д-р Јовановска | Проф.Д-р Стојовски | Асс.Д-р Димитров | Асс.Д-р Кипроска |
| | 11:00 14:00 | | Асс.Д-р Алуловски | | | |
| Ендокринологија и брачна неплодност Амбуланта бр.29 | 08:30 11:00 | Д-р Георгиева | Асс.Д-р Иванова | М-р Д-р Тофоски | Проф.Д-р Сапунов | Асс.Д-р Трајковски |
| | 11:00 14:00 | | | | | |
| Перинаталошки скрининг и супервизија Амбуланта бр.28 | 08:30 11:00 | Д-р Јованова | Прим.Д-р Петровски | Д-р Самарџиски | Асс.Д-р Хаџи-Лега | Асс.Д-р Ливринова |
| | 11:00 14:00 | | Асс.Д-р Стефанија | | | |
| Ургентна Амбуланта за итни случаи | 08:30 11:00 | Прим.Д-р Георгиевска | Асс.Д-р Сима | Асс.Д-р Ристеска | Д-р Павловски | Асс.Д-р Сима |
| | 11:00 14:00 | | | | | Асс.Д-р Ристеска |

Амбулантите со број 35,36,37 работат во две смени. Работното време на амбулантите е од 08:30 до 19:00 часот

Во Ургентната амбуланта не се закажуваат пациенти, работи само со итни случаи и отворена е нон-стоп 24 часа.

Во случај на отсуство на лекарот во амбулантите соодветното одделение одговара за отсуството и наоѓа замена за истиот.